**20121243054**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 135 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА ДЕЛОВНАТА ПРОСТОРИЈА ВО КОЈА СЕ ПРИРЕДУВААТ ЗАБАВНИ ИГРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за промена на деловната просторија во која се приредуваат забавни игри.

Член 2

Барањето за промена на деловната просторија во која се приредуваат забавни игри се поднесува на образец, во А-4 форма, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31456/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за промена на деловната просторија во која се приредуваат забавни игри**

Од________________________________________________________________________
(назив на трговското друштво/трговски друштва подносител/и на барањето)

__________________________________________________________________________
(седиште на трговското друштво/трговски друштва подносител/и на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 135 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за промена на деловната просторија во која се приредуваат забавни игри, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 135 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Датум и место

Подносител на барањето
________________________________